OHRIDNEWS информирај се

ВЕСТИ > МАКЕДОНИЈА




# ЗНМ: ОЈО Скопје назначи јавен обвинител за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите

04.10.22 11:26

Прегледи: 94

Like Share Tweet

Гаврил Бубевски, основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје ја назначи Искра Хаџи Василева јавната обвинителка од истата институција како лице за контакт во врска со предметите поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на Основното јавно обвинителство Скопје, информираат од Здружението на новинарите на Македонија.

Одлуката која пристигна на адреса на ЗНМ е донесена врз основа на заклучоците од состанокот на Бубевски со претставници на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), што се одржа на 27.05.2022 година.



> **ЗНМ со години наназад постојано работи на кампањи за кревање на свеста за состојбата на новинарите и медиумските работници каде што акцентот е ставен безбедноста на новинарите како и на проблемот со неказнивост на напаѓачите. Токму заради овие причини, една од препораките на ЗНМ до ОЈО Скопје беше формирање на посебно одделение со цел да се зголеми безбедноста на новинарите. Сето ова е во согласност со препораките на Совет на Европа со крајна цел – да се иницираат системски промени за подобрување на моменталната состојба, велат.**

Јавната обвинителка Хаџи Василева, додаваат од ЗНМ, има надлежност да го следи постапувањето во предметите во кои во својство на оштетени, сведоци или пријавени лица се јавуваат новинари кои ги извршувале своите работни задачи.

Во одлуката се вели дека ОЈО Скопје и останатите јавни обвинителства ќе даваат приоритет во постапувањето по предмети поврзани со безбедноста на новинарите и ќе продолжат во оваа насока да ја унапредуваат соработката со новинарските здруженија, со цел да се санкционира секое кривично-правно загрозување на слободата на изразување.